СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО

# ЕУ ВЕСТИ

**јуни 2017 година**
**ЕУЦ-број 25/2016**

## УСВОЕНА РЕЗОЛУЦИЈАТА НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



Европскиот парламент на пленарната сесија на 14 јуни годинава ја усвои Резолуцијата за Извештајот на Европската комисија за Република Македонија за 2016 година, со 503 гласа "за", 113 гласа "против" и 45 "воздржани".

Резолуцијата која беше поднесена од известителот во ЕП за Република Македонија словенечкиот европратеник Иво Вајгл, претходно се разгледана и усвои на Комитетот за надворешна политика (AFET) на 28 февруари годинава со 54 гласови "за" и 8 "против". Пред гласањето во Комитетот, на текстот на Предлог-резолуцијата, европратениците усогласија 28 компромисни амандмани, во однос на вкупно поднесените 318 амандмани.

Европарламентот го поздрави формирањето на новата влада и ја повика заедно со сите политички партии во државата да ја врати довербата во земјата и институциите, да усвои и во целост да спроведе силни реформи во областа на владеењето на правото, правосудството, борбата против корупцијата, фундаменталните права, внатрешните работи и добрососедските односи. Откако ќе се постигне напредок во спроведување на Договорот од Пржино од 2015 год. и напредок во реформите, ЕП ќе даде поддршка за отворање на преговорите за пристапување во ЕУ.

Во дебата европратеничката *Маријана Петир* изнесе *"Европската унија и порача на Македонија дека мора да го реши проблемот со Грција за името, за да се отвори вратата на ЕУ и НАТО. Таквиот пристап на ЕУ го сметам за неприфатлив зошто стана кристално јасно дека ЕУ има двојни критериуми кога станува збор за проширување и дека нема ни најмала можност да ја притисне Грција за да го промени ставот околу името... Македонија одамна заслужи да биде членка на ЕУ и НАТО".*

Во дебатата европратеникот *Тонино Пицула* известител во сенка за Македонија, во име на социјалистите и демократите, го поздрави формирањето на новата влада по обезбедувањето на мнозинство во Парламентот, и го нагласи следното *"Жалам што процесот на доделување на мандатот траеше неоправдано долго и дојде до насилни инциденти во Собранието. Се надевам дека политичките партии ќе ги стават своите разлики на страна и дека ќе соработуваат конструктивно за добробит на граѓаните на Македонија и нивната европска иднина која ја заслужуваат".*

Во усвоената Резолуција се поздравува почитувањето на фундаменталните слободи во текот на предвремените парламентарни избори од 11.12.2016 година, кои беа добро спроведени, одржани на транспарентен и инклузивен начин и без поголеми инциденти.

Со Резолуцијата се повикуваат сите страни да се воздржат од било какви пречки за ефикасно функционирање на Собранието на Република Македонија.

Резолуцијата нотира дека е важно да се спроведе попис на населението под услов да постои широк консензус за методологијата што ќе се применува. Потребно е и понатаму да се ажурира Избирачкиот список и да се минимизираат какви било неправилности и недостатоци во иднина.

### Содржина на вести:


| | |
|---|---|
| Усвоена Резолуцијата на ЕП за Република Македонија | 1-2 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| ЕП предлага зајакнување на заедничката безбедност на ЕУ | 6 |
| Одбележани 30 години од европската програма - Еразмус + | 7 |
| Нови правила за е-приватност | 8 |
| Европски денови на развојот 2017 | 9 |
| Почнаа преговорите за „Брегзит“ | 10 |
| Состанок на Европскиот совет | 11 |
| Европската унија ги укина трошоците за роаминг | 12 |
| Потпишана Истанбулска конвенција за борба против насилството врз жените | 13 |
| ЕУ календар / јули /2017 | 13 |

## УСВОЕНА РЕЗОЛУЦИЈАТА НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



Во однос на 2016 година, европратениците изразија жалење за континуираното назадување во реформата на правосудството. Се осудува мешањето на политиката во работата на судството, вклучително и во назначувањето и унапредувањето на судии и обвинители, како и недостаток на одговорност и постоење на случаи на селективна правда. Се укажува на важноста на мандатот и работата на Специјалниот јавен обвинител и Парламентарната комисија за истрага, за да се утврди и правна и политичка одговорност. ЕП изразува загриженост за политичките напади, административни и судски опструкции врз работата на Специјалното јавно обвинителство, како и за недостатокот на соработката со другите институции. Парламентот повика да се даде целосна поддршка на Специјалното јавно обвинителство, да се дадат соодветни услови и време за непречено работење на истото.

Во Резолуцијата се изразува загриженост дека корупцијата продолжува да претставува сериозен проблем и дека борбата против корупцијата се поткопува од политичко влијание. ЕП ја нагласува потребата да се зајакне независноста на полицијата, обвинителството и Државната комисија за спречување на корупцијата.

Резолуцијата ја повторува важноста од слободни и независни медиуми, како една од основните вредности на ЕУ и камен-темелник на секоја демократија.



Се поздравуваат видливите резултати од иницијативата за мерките за градење доверба меѓу Република Македонија и Република Грција, која може да придонесе кон подобро разбирање и посилни билатерални односи, отворајќи го патот за изнаоѓање заемно прифатливо решение за прашањето за името.

Резолуцијата повикува сите политички партии и граѓанските организации активно да промовираат инклузивно и толерантно мултиетничко и мултикултурно општество. Се осудува било каква форма на иредентизам и секаков обид за дезинтеграција на различни социјални групи.

Европскиот парламент го поздрави одржувањето на макроекономска стабилност, намалувањето на стапката на невработеност и континуираната посветеност на Владата за поттикнување на економскиот раст и вработување преку пазарна економска политика. Во исто време ЕП изразува загриженост за одржливоста на јавниот долг и фактот дека невработеноста останува висока со многу ниско учество на пазарот на трудот, особено меѓу младите луѓе, жените и лицата со посебни потреби.

Резолуцијата ја нагласува важноста од редовен и конструктивен дијалог и соработка со организациите на граѓанското општество.

Европскиот парламент ѝ честита на Република Македонија за конструктивната улога и соработката, како и за огромните напори кои ги направи во решавањето на предизвиците од кризата со миграцијата, со што значително придонесе за безбедноста и стабилноста на ЕУ

http://www.europarl.europa.eu

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

***Пленарна сесија 12-16 јуни 2017 година***

На пленарната сесија на Европскиот парламент европратениците дебатираа за спроведувањето на Европскиот фонд за стратешки инвестиции (EFSI), при што побараа поголема географска рамнотежа, поддршка за помали компании и по иновативни инвестиции.

Европратениците укажаа на постоење на нерамномерна секторска дистрибуција. На енергетските проекти отпаѓаат 46% од вкупното финансирање на фондор, додека кај социјалната инфраструктура, здравството и образованието застапени се само 4% од средствата и истите се недоволни. Европратениците побараа да се воведе праг од 30% од EFSI за секој конкретен сектор.

Европарламентот дебатираше за новата уредба кој стапува во сила во 2019 година, според која сите апарати за домаќинството ќе се означуваат со ознака за енергетска ефикасност од А до G. На потрошувачите ќе им се овозможат јасни информации за производите и поедноставен избор на производи со кои ќе можат да заштедат во потрошувачката на електрична енергија.

Европратениците на пленарната седница дебатираа за извештаите на Европската комисија за 2016 година за Република Македонија, Србија и Косово.

Во врска со подготовките за состанокот на Европскиот совет за 22-23 јуни годинава, европратениците со претседателот на Европската комисија и претседателството на Малта со ЕУ дебатираа за миграцијата, безбедноста и одбраната.

По расправата за најавеното повлекување на САД од Договорот за климатски промени, европратениците го поддржаа планот за намалување на емисиите на стакленичките гасови, со кој се очекува да се постигне вкупната цел на ЕУ за 2030 година - намалување за 40% во споредба со нивото од 1990 година. За да се обезбеди долгорочна предвидливост, европратениците, исто така поставија цел за 2050 година - намалување на емисиите на стакленички гасови за 80% во споредба со нивоата од 2005 год. Европратениците расправаа со претседателот на Маршалските Острови, Хилда Хајне и претседателот на Комисијата Жан-Клод Јункер за најавата на претседателот Доналд Трамп, САД да се повлече од Договорот од Париз. Претседателот на ЕП, Антонио Тајани изјави дека одлуката на американската администрација е грешка. Работејќи заедно со народите ширум светот може успешно да се осигура почиста и посигурна планета за граѓаните.

По повод стапувањето во сила на законот со кој се укинуваат роаминг трошоците за телефонски разговори во ЕУ, на пленарната сесија на ЕП се обрати претседателот Антонио Тајани.

ЕП усвои листа на земјите кои ќе бидат европски престолнини на културата во периодот 2020-2033. Секоја година две земји-членки избираат град кој ќе биде домаќин на иницијативата Европска престолнина на културата, а за прв пат, земјите на ЕФТА/ЕЕА може да учествуваат во оваа програма еднаш на секои три години. Иницијативата има за цел да се заштитат и промовираат богатството и разновидноста на културите и да го поттикне чувството на граѓаните за припадност кон некоја заедничка културна област. Градот Риека ќе биде европска престолнина на културата во 2020 год.

Европратениците дебатираа за кохезионата политика на ЕУ по 2020 година, при што нагласија дека постојната кохезиона политика го ублажи влијанието на економската криза и мерките за штедење, но регионалните и социјалните разлики остануваат високи. Европратениците повикаа на консолидирани активности после 2020 год., соодветен буџет, подобра синергија на средствата, поедноставување на системот за управување со политиката.

http://www.europarl.europa.eu/news/en

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



Претседателот на Собранието на Република Македонија г.Талат Џафери учествуваше и имаше свое обраќање на Осмиот Меѓународен парламентарен безбедносен форум што се одржа на 19 јуни годинава во Рига. Во рамките на учеството на 8. Меѓународен безбедносен форум, претседателот на Собранието оствари и официјална средба со г-ѓа Инара Мурниеце, спикер на Парламентот на Република Латвија. Соговорниците споделија заемни уверувања и очекувања дека цврсто воспоставената билатерална соработка меѓу Собранието на Република Македонија и Парламентот на Република Латвија на ниво на пратенички групи за соработка ќе продолжи и во иднина со несмалено темпо, со што пратениците од двата парламента ќе имаат можност одблиску да разменуваат мислења и искуства од парламентарното работење, меѓународната политика и други актуелни прашања.

Претседателот на Собранието, г. Талат Џафери оствари средба и со г. Роберт Питинџер, американски конгресмен и претседател на Конгресната работна група за тероризам и неконвенционално војување и иницијатор на овој форум. На средбата беа разменети видувања за прашања сврзани со безбедноста во регионот, борбата против тероризмот и сајбер-криминалот, и потребата од стратегија на сајбер-одбрана.



Претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери на 27 јуни 2017 год. оствари средба со директорката на Директоратот за проширување на Европската комисија, надлежен за Западен Балкан, г-ѓа Геновева Руиз Калавера. За време на средбата, соговорниците беа согласни дека се реализира предвидената динамика на активности поврзани со ефективно и ефикасно функционирање на Собранието во извршувањето на неговите надлежности како законодавен дом.

Претседателот Џафери уште еднаш потенцираше дека Собранието станува отворено за граѓаните и граѓанскиот сектор залагајќи се притоа за промена на досегашната перцепција за Собранието и истото да стане вистински коректор на извршната власт.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА

Претседателот на Комисијата за европски прашања, пратеникот Артан Груби, на 22 јуни годинава во Собранието имаше средба со евроамбасадорот Самуел Жбогар. На состанокот соговорниците разговараа околу реформските предизвици за Македонија во согласност со очекувањата на Брисел, ЕУ и НАТО, предизвиците на Комисијата за европски прашања во врска со амбициозната динамика на новата реформска агенда заедно со посветеноста за интеграција на земјата во НАТО и ЕУ. Пратеникот Груби нагласи дека е во очекување на усвојување на Патоказот од страна на Владата, а ја потенцира и потребата за усвојување на една сеопфатна резолуција од страна на Собранието за поддршка на реформите и интеграцијата во ЕУ.



Комисијата за европски прашања на 28 јуни 2017 год. ја одржа Првата седница посветена на евроинтегративните процеси на земјата, на која беа разменети мислења и ставови за нивно унапредување, од парламентарен аспект. Воведни обраќања имаа претседателот на Комисијата Артан Груби, амбасадорот на ЕУ во Република Македонија Самуел Жбогар и заменикот на претседателот во Владата задолжен за европски прашања Бујар Османи. Во расправата на Комисијата учествуваа пратениците: Фросина Ременски, Антонио Милошоски и Зекирија Ибрахими, кои во своите излагања ги поддржаа европските процеси на Република Македонија, при што беше изразена подготвеност земјата да вложи напори за спроведување на неопходните ЕУ реформи, со цел да се придвижиме поблиску до ЕУ. На предлог на претседателот Груби, Комисијата усвои заклучок Собранието да донесе декларација за забрзување на реформските и интегративните процеси за зачленување на Република Македонија во ЕУ.





Делегација на Собранието, во состав: Бетиане Китев, Шпреса Хадри, Илија Димовски и Африм Гаши, на 19 и 20 јуни 2017 година, учествуваше на Интерпарламентарна конференција на тема: „ЕУ законодавен процес - од законодавна иницијатива до имплементација и мониторинг", во организација на Европскиот парламент, која се оддржа во Брисел. Пратениците на Конференцијата ги презентираа политичките и правните практики во нашата земја, од парламентарен аспект, во врска со законодавниот процес, а во насока на унапредување на евроинтегративниот процес.

## ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ ПРЕДЛАГА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКАТА БЕЗБЕДНОСТ НА ЕУ

Според истражувањето Евробарометар од март годинава, 68% од европските граѓани сметаат дека ЕУ треба повеќе да инвестира во безбедноста и координацијата на полицијата и војската. Европскиот парламент исто така се залага за поголема соработка во одбраната како и за интеграција на одредени одбрамбени мерки. Европратениците претходно ги поттикнаа земјите-членки да ги зголемат вложувањата во одбраната до 2% од БДП.

Европската унија е втор најголем потрошувач во светот во областа на одбраната. Во 2016 год. САД потрошиле 546 милијарди евра, додека 28 земји членки на ЕУ потрошиле 206 милијарди евра. Индустријата во областа на одбраната годишно остварува 100 милијарди евра и вработува 1,4 милиони луѓе со што остварува значаен придонес во економијата. Според проценките, ЕУ годишно троши 26,4 милијади евра поради дуплирање на трошоците и одредени бариери во јавните набавки во одбраната.

Во Резолуцијата на ЕП за Европската одбрамбена унија усвоена на 22.11.2016 година, Парламентот побара заедничко вложување со цел намалување на високите цени на набавките во одбраната, како и основање на мултинационални сили и еден центар на ниво на ЕУ преку кој полесно би се планирале и управувале операциите.

Европратениците бараат зголемување на финансирањето на Европската одбрамбена агенција, искористување на постојната структурна соработка и целосно вклучување во соработката на воените сили на ЕУ. За да се обезбеди ефикасност на трошењето во одбраната, Европската комисија предложи Европски акциски план за одбрана и Европски фонд за одбрана.

Во ЕУ постојат различни системи на наоружување, поради што интероперабилноста на составот меѓу различни земји-членки е слаба точка што треба да се реши во иднина. Европратениците предлагаат, министрите за одбрана на ЕУ да се среќаваат на посебен совет со цел подобро да се синхронизира планирањето и да се примени годишната ревизија на координацијата во одбраната.

Геополитичките промени во соседството на ЕУ, тероризмот, комјутерските измами и енергетската несигурност, покажуваат дека земјите-членки поединечно не можат да одговорат на предизвиците. Земјите-членки ќе треба да покажат политичка волја, да ги зголемат инвестициите, да споделуваат информации и да креираат синергија на ниво на ЕУ, за да обезбедат подобра заштита на граѓаните.

Во однос на иднината на европската одбрана, Европскиот парламент ја нагласи потребата за идна проценка на односите меѓу ЕУ и Обединетото Кралство.

Во однос на преговорите за Брегзит, позицијата на ЕП усвоена на 6 април годинава, е дека нема тргување со принципите на сигурноста.

http://www.europarl.europa.eu



## ОДБЕЛЕЖАНИ 30 ГОДИНИ ОД ЕВРОПСКАТА ПРОГРАМА - ЕРАЗМУС +

Програмата Еразмус (European Region Action Sheme for the Mobility of University Students) претставува платформа за европска и меѓународна мобилност и соработка која ги спојува луѓето од различни средини и овозможува да стекнат компетенции како и да развиваат чувство на европски идентитет - кој ги дополнува националните, регионалните и локалните идентитети.

Во изминатите 30 години од спроведувањето на Еразмус, над 3 милиони европски студенти дел од студиите го поминаа на универзитети или организации во различни делови од Европа.

Програмата Еразмус беше подготвена како пробна размена на студенти од 1981 до 1986, а официјално беше донесена на 17 јуни 1986 год. Во првата година во програмата биле вклучени 11 земји-членки и 3.244 студенти.

Програмата од 1987 год. беше насочена кон студентите во високото образование. Оттогаш програмата се развивала и нуди можности во областа на стручното образование, училишното образование, образованието на возрасни, младите и спортот.

Програмата Еразмус Плус беше воведена во 2014 год. со спојување во една програма на сите тогашни иницијативи во областа на образованието, младите и спортот (Еразмус, Леонардо да Винчи, Комениус, Грунтдвиг, Жан Моне, Алфа, Едулинк и Спорт). Во надградената програма се вклучува стажирањето на работно место, активности за стручно оспособување и образување, проекти за соработка меѓу универзитетите, истражувачките организации, претпријатија, невладини организаци, локални, регионални и национални тела во Европа.

Буџетот на Еразмус Плус за 2014-2020 год., изнесува 14.7 милијарди евра со кои повеќе од 4 милиони европски граѓани ќе имаат можности за студирање во странство, стручно усовршување, волонтирање и стекнување на искуство.

Со програмата управуваат: Европската комисија, Извршната агенција за образование и аудиовизуелна политика и култура, националните агенции во земјите учесници во програмата и национални тела во партнерските земји.

Триесет годишнината од Еразмус се поклопува со уште една покретница од европските интеграции - 60 годишнината од Договорот од Рим, со кој се промовираше Унија поблиска за соработка во рамките на Европа.

Со двата јубилеи се одбележа заедничката цел - обединување на европејците. Во текот на 2017 година за програмата Еразмус, во Европа ќе се организираат настани, конференции, форуми, дебати, изложби, на локално, национално и на европско ниво.

Република Македонија се приклучи кон програмата Еразмус Плус во јуни 2014 година.

https://ec.europa.eu/programmes/erasmus-plus

## НОВИ ПРАВИЛА ЗА Е-ПРИВАТНОСТ



Со новата регулатива за е-приватност ќе се промени начинот на заштита на податоците на интернет, почнувајќи од начинот на кој веб колачињата (cookies) ги следат нашите активности на интернет.

Информациите се чуваат од страна на веб-сајтови во форма на колачиња, кои можеме да ги прифатиме или одбиеме преку pop-up прозорец што се појавува кога се посетува некој нов веб-сајт. Во јануари годинава Европската комисија предложи нова регулатива за е-приватност, која може да ја промени оваа постапка, во корист на поставување на параметри во нашите уреди или интернет прелистувачи за да се избегне обврската за постојано справување со pop-up прозорците. Пред да стапат во сила новите правила, ќе треба да се одобрат од Европскиот парламент. Европратениците се очекува да гласаат за предлогот на пленарната сесија во октомври годинава.

Оригиналната директива е донесена во 2002 година, и одтогаш има значајни промени во начинот на размена на информации на интернет. Информациите се помалку се разменуваат преку мобилните телефони и електронска пошта. Размената на информациите денес се одвива преку сите видови на социјални медиуми: Instagram, WhatsApp, Messenger и т.н. Овие алатки и канали не беа опфатени со претходните директиви.

Се планира законодавството да се спроведува во сите земји-членки на ЕУ на сличен начин, се очекува и заштитата да биде на исто ниво.

Постапката за прифаќање или одбивање на колачиња (cookies) на веб-страниците ќе се одвива на начин што прелистувачот, интернет страна или паметен телефон ќе има посебна опција (да прифаќа колачиња). На пр. кога некој сака да се следи неговата локација бидејќи сака да го знае тоа во случај на губење на телефонот, или сака да користи Uber се избира опцијата за пратење на локацијата. Секој треба да е сигурен дека приватна средина е под сопствена контрола, а не под контрола на некој друг.

Програмерите и давателите на услуги ќе бидат обврзани да даваат доволно разбирливи и едноставни информации.

Изборот за потрошувачите треба да се прави постепено, така што ќе има се повеќе и повеќе интеракција помеѓу давателот на услуги и клиентите.

Новите правила ќе им дадат конкурентна предност на европските индустрии. Млади луѓе од повеќе мали и средни претпријатија веќе работат на овој тип на иновативни решенија и начинот како да се заштити приватноста на потрошувачите.

Европските издавачи изразија загриженост во врска со промената на правилата за колачиња, тврдејќи дека тоа ќе им даде премногу моќ на интернет гигантите кои ги контролираат пребарувачите и местото каде што е издадена дозволата за употреба на податоците.

За решавање на ова прашање на потрошувачите им се понудени различни нивоа на избор. Она што треба да се постигне е да се имплементира стандардно подесување „no tracking“.

Европските компании ќе треба да комуницираат поактивно за своите понуди при што потрошувачите ќе можат да направат вистински избор.

http://www.europarl.europa.eu

## ЕВРОПСКИ ДЕНОВИ НА РАЗВОЈОТ 2017

Европската унија и земјите-членки на 07 јуни годинава потпишаа стратешки план во кој се истакнува иднината на европската развојна политика.

Овој „Нов европски консензус за развој“ претставува нова колективна визија и план за акција за искоренување на сиромаштијата и постигнување одржлив развој.

Европскиот водечки форум за меѓународна соработка и развој е најголем досега со околу 7.000 учесници. Дебатите, панелите и специјалните настани на форумот обезбедуваат увид во најитните развојни предизвици со кои се соочува светот и разни пристапи за справување со истите.

Новиот Европски консензус за развој претставува сеопфатна заедничка рамка за европска развојна соработка. За прв пат се применува во целост на сите институции на Европската унија и сите земји-членки, кои се обврзуваат да работат заедно.

Искоренувањето на сиромаштијата останува примарна цел на европската развојна политика. Целосно ги интегрира економските, социјалните и еколошките димензии на одржливиот развој. Притоа, таа ја усогласува европската развојна акција со Агендата за одржлив развој 2030, која исто така е меѓусекторска димензија за Глобалната стратегија на ЕУ.

Европските лидери се посветени на три области:

1. Препознавање на силните меѓусебни врски меѓу различните елементи кои ги вклучуваат развојот и мирот и безбедноста, хуманитарната помош, миграцијата, животната средина и климата, како и меѓусекторските елементи, како што се: младите; родова еднаквост; мобилност и миграција; Одржлива енергија и климатски промени; Инвестиции и трговија; Доброто владеење, демократијата, владеењето на правото и човековите права; Иновативен ангажман со понапредни земји во развој; и мобилизирање и користење на домашни ресурси.

2. Новиот консензус презема сеопфатен приод кон средствата за спроведување, комбинирајќи ја традиционалната развојна помош со други ресурси, како и со цврсти политики и зајакнат пристап кон кохерентност на политиките, потсетувајќи дека соработката за развојот на ЕУ секогаш треба да се гледа во контекст на Сопствени напори на земјите-партнери во Европа. Консензусот обезбедува основа за ЕУ и за нејзините земји-членки да се вклучат во поиновативни форми на финансирање за развој, проширувајќи ги инвестициите во приватниот сектор и мобилизирање на дополнителни домашни ресурси за развој.

3. Европската унија и нејзините земји-членки ќе создадат подобри партнерства со поширок спектар на засегнати страни, вклучително и граѓанското општество и земјите-партнери во сите фази на развојот. Тие понатаму ќе ја подобрат нивната имплементација на теренот, работејќи подобро заедно и земајќи ги предвид нивните соодветни компаративни предности.

На 22 ноември 2016 година, Европската комисија ги предложи своите идеи за стратешки пристап за постигнување на одржлив развој во Европа и светот, вклучувајќи и предлог на Комисијата за нов консензус.

Европскиот парламент, Советот под Малтешкото претседателство со ЕУ и Комисијата се вклучија во интензивна серија на меѓуинституционални разговори насочени кон договарање за нова колективна визија за развојна политика која одговара на Агендата 2030 и други глобални предизвици.

https://www.eudevdays.eu/

## ЗАПОЧНАА ПРЕГОВОРИТЕ ЗА БРЕГЗИТ



Велика Британија на 19 јуни годинава ги започна преговорите со партнерите од ЕУ за напуштање на Унијата. Прво ќе се водат преговори за износот на средства кои Лондон треба да ги врати пред напуштање на ЕУ, за правата на британските и граѓаните на ЕУ и новата надворешна граница меѓу Северна Ирска.

Преговарачкиот тим на ЕУ кој го предводи Мишел Барние, веќе со месеци е подготвен да започне со преговори, но Велика Британија доцнеше иако на 29 март годинава официјално започна процесот на напуштање на ЕУ. Во меѓувреме Во Велика Британија се одржаа предвремени избори на кои премиерот Тереза Меј го загуби мнозинството во Парламентот, што дополнително влијаеше на проблемите.

Сепак, како што наведе Тереза Меј "и понатаму се убедени дека може да се постигне смел и амбициозен договор кој ќе биде во интерес на цела Британија", пренесе агенцијата АП додавајќи дека и Европската унија посакува добар компромис.

"Доколку во тоа не успееме, двете страни ќе се соочат со загуба", оцени австрискиот министер за надворешни работи, Себастијан Курц.

Вториот круг од преговорите меѓу Мишел Барние и британскиот министер за Брегзит, Дејвид Дејвис е планиран за 17 јули, а целиот процес треба да биде завршен и одобрен од страна на парламентите до крајот на март 2019 година. Процесот би можело да биде продолжен, ако за тоа се согласат 27 земји-членки на ЕУ.

Преговорите започнаа скоро една година после одлуката на Велика Британија за излегување од ЕУ, донесена на референдумот од 23 јуни 2016 година.
Британските финансиски обврски кон ЕУ се проценуваат на најмалку 65 милијарди евра, но може да бидат и поголеми од 100 милијарди.

Во сметката се вклучени британските обврски во буџетот за 2014-2020 год., како и трошоците за членство во институции, банки и фондови на ЕУ. Меѓу трошоците се оние за преселување на агенции за лекови и банкарски агенции на ЕУ од Британија.

Уште попроблематично е прашањето за гаранциите за околу 5 милиони луѓе - околу 3 милиони граѓани на ЕУ кои живеат во Британија и скоро 2 милиони Британци во Европа. Тие сакаат да знаат каква ќе им биде иднината после Брегзит, што ќе се случува со нивните здравствени и пензиски бенефиции, даноци, вработување и образование.

Официјалните претставници на ЕУ како реален рок за договор го определија октомври или најдоцна ноември 2018 година. Ако до тогаш не се постигне договор, двете страни веројатно ќе треба да направат преоден договор, што може да предизвика и проширување на некои елементи на сегашната врска.

http://www.france24.com

## СОСТАНОК НА ЕВРОПСКИОТ СОВЕТ

На состанокот одржан на 22 и 23 јуни годинава, Европскиот совет се фокусираше на: безбедноста и одбраната, надворешните работи, климатските промени, економијата, трговијата и миграцијата.

Лидерите на ЕУ силно ги осудија неодамнешните терористички напади и ја реафирмираа својата заложба за соработка за:
• борба против онлајн радикализација,
• спречување на и против насилен екстремизам,
• справување со финансирањето на тероризмот,
• подобрување на размена на информации и интероперабилност на базите на податоци.

Европскиот совет, даде согласост за потребата од отпочнување инклузивна и амбициозна постојана структурирана соработка (PESCO) за зајакнување на безбедноста и одбраната на Европа. Со цел да ја започнат оваа соработка, земјите-членки во рок од три месеци ќе треба да ја договорат заедничката листа на критериуми и обврски со конкретни издржани проекти.

Европскиот совет ја поздрави комуникацијата на Европската комисија, за Европскиот фонд за одбрана и очекува негова брза операционализација. Лидерите повикаа на брз договор за предлогот за Европска програма за индустриски развој на одбраната.

Шефовите на држави и влади ја потврдија решеноста на ЕУ за брза и целосна имплементација на Парискиот договор за климатски промени, вклучувајќи ги целите за климатско финансирање и глобалната транзиција кон чиста енергија.

Лидерите од земјите-членки ЕУ27 се состанаа за да ги разгледаат последните случувања во преговорите по известувањето на Обединетото Кралство според член 50 од Договорот за ЕУ.

На маргините на состанокот, лидерите ја поддржаа процедурата за преместување на агенциите на ЕУ кои во моментов се лоцирани во Велика Британија.

Лидерите ја потврдија посветеноста на слободната трговија и инвестициите. Европскиот совет ги повика законодавците да се договорат за инструментите за трговска одбрана, компатибилни со СТО за справување со нефер трговски практики.

Лидерите повикаа на конкретни активности со кои ќе се обезбеди силна и конкурентна индустриска база за единствениот пазар, врз основа на заклучоците на Советот од мај 2017 година. Исто така, се охрабруваат Советот и Европскиот парламент за постигнување брз договор за проширување и зајакнување на Европскиот фонд за стратешки инвестиции.

Европскиот совет повика на натамошни активности за запирање на протокот на мигранти од Либија во Италија, долж средниот медитерански пат. Особено, се фокусираа на:
• обезбедување на понатамошна обука и опрема за Либиските чувари на брегот,
• поблиска соработка со земјите на потекло и транзит,
• понатамошни напори за зголемување на реадмисијата.

На состанокот, исто така се истакна потребата од итно воспоставување на договори за реадмисија со земјите кои не се членки на ЕУ и потребата за реформа на заедничкиот систем за азил.

http://www.consilium.europa.eu

## ЕВРОПСКАТА УНИЈА ГИ УКИНА ТРОШОЦИТЕ ЗА РОАМИНГ



Од 15 јуни 2017 година граѓаните на ЕУ нема да плаќаат дополнителни трошоци за користење на роаминг услуги на територијата на Европската унија.

Од сега граѓаните кои ќе патуваат од една земја во друга, во рамки на ЕУ, ќе бидат во можност да се остварат телефонски контакт, да испраќаат смс пораки или да ги поврзат своите мобилни уреди на интернет по иста цена како што ги плаќаат истите услуги во своите земји.

Претходно, меѓународните мобилни оператори од ЕУ наплатуваа едни од други високи тарифи, што во пракса значеше дека секој европјанин мораше да плати дополнителни трошоци за користење на мобилните услуги во роаминг. Сето тоа резултираше со повисоки мобилни телефонски сметки по враќањето дома.

По десет години разговори и дебати на ниво на ЕУ, во текот на Претседателство на Малта со Советот на ЕУ се затвори ова прашање што претставува значаен чекор кон Единствениот дигитален пазар на ЕУ.

Под механизмот "движи се како по дома", Европскиот парламент и Советот побараа од Комисијата да развие голем број на мерки за поддршка овој механизам да заживее во практика. Тоа доведе до законски предлог за реформа на целокупниот роаминг пазар до 15 јуни 2016 година и утврдување на максималните цени кои операторите може да ги наплаќаат меѓусебно за користење на нивните мрежи од роаминг потрошувачите.

Во исто време, ЕУ успеа да најде вистински баланс помеѓу крајот на трошоците за роаминг и потребата да се задржи домашниот мобилен пазар конкурентен и атрактивен.

Операторите имаа рок од две години да се подготват за овој чекор. Европската унија е убедена дека операторите ќе ги искористат можностите што ги нудат новите правила на игра во корист на своите клиенти.

Крајот на трошоците за роаминг е основата на Единствениот дигитален пазар на ЕУ и уште еден чекор напред кон градење на обединето и одржливо европско дигитално општество, достапно за сите граѓани на ЕУ.

Освен во 28-те земји-членки на ЕУ, оваа политика на "роаминг без трошоци" ќе се применува и во три држави од Економската област на европски земји и тоа, Норвешка, Лихтенштајн и Исланд.

Сепак, корисниците на мобилните услуги треба да бидат претпазливи и добро да го прочитаат договорот од телекомуникациските оператори пред истиот да го потпишат, бидејќи разговорите би можеле да бидат скапи. Многумина од европските потрошувачи имаат склучено договор со некоја телекомуникациска компанија за неограничено користење т.н. флетреит, за одреден износ на пари. Малку е веројатно дека новите правила ќе бидат вклучени во овие договори, посебно кога станува збор за мобилниот интернет.

http://europa.eu

## ПОТПИШАНА ИСТАНБУЛСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ




На 13 јуни годинава, Европската унија ја потпиша Истамбулската конвенција – Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (од 11.05.2011 год.).

Потпишувањето на Конвенцијата се смета за историски договор иницира на заеднички повик од три европски институции: Европскиот парламент, Европската комисија и Претседателството на Малта со Советот на ЕУ.

Европската агенција за фундаментални права, по истражувањето направено на повеќе од 42.000 жени, објави дека 1/3 од жените во Европската унија се жртви на родово насилство за време на нивниот живот и оваа форма на насилство е широко распространета во сите земји од Унијата.

Малтешкото претседателство со Советот на ЕУ на 03 февруари годинава одржа конференција во соработка со Европската комисија, со цел подигнување на свеста за потребата од решавање на оваа форма на насилство, за национална ратификација на Истамбулската Конвенција, и за постигнување на договор на ниво на Советот на ЕУ.

Потпишувањето на оваа конвенција од страна на ЕУ испраќа силен политички сигнал до сите 28 земји-членки за значењето ан Конвенцијата, за важноста од прифаќањето и примената на стандардите во однос на борбата против насилството врз жените и семејното насилство.

Амбасадорот Џозеф Филети постојан претставник на Малта во Советот на Европа - во име на Малтешкото претседателство со Советот на ЕУ, и европскиот комесар одговорен за правда, потрошувачи и еднаквост Вера Јоурова во име на Европската унија, ја потпишаа Истамбулската конвенција.



Досега Истамбулската конвенција ја имаат ратификувано 23 земји, вклучително и 14 земји-членки на ЕУ.

Република Македонија ја потпиша Конвенцијата на 08.07.2011 год., но сеуште ја нема ратификувано. Ратификацијата на конвенцијата подразбира низа обврски за националните влади кои ја имаат ратификувано да преземат конкретни чекори за спречување на сите форми на насилство врз жените

https://www.eu2017.mt/en/

https://www.coe.int/en/web/istanbul-convention/home

---

*ЕУ КАЛЕНДАР / јули 2017*

1. Естонија го превзема Претседателството со Советот на ЕУ - 01 јуни 2017;

2. Пленарна сесија на Европскиот парламент, 03 -06/07/2017, Стразбур;

3. Светски ден на хепатитис, 28/07/2017 Стокхолм, Шведска.



СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 33 локал 414 и 289
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019
**Сектор за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции**

www.sobranie.mk

*Во Собранието на Република Македонија беше спроведен ИПА Проект за "Техничка помош за Парламентот", во периодот јануари 2011-јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието на Република Македонија и на Службата на Собранието да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*

*ЕУ центарот организационо е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.*

*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




